# НОВ БРАН ВО СТУДЕНТСКОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ

## Анализа на студентското (ре)формирање на државните универзитети во Штип, Битола и Тетово

Национален младински совет на Македонија
СФЕРА ИНТЕРНЕШНАЛ
ФОРУМ 16
МКЦ Младински Културен Центар Битола
CED
ФОНДАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

**Издавач**
Национален младински совет на Македонија
ул.„Аминта Трети“ бр.29/1-3, 1000 Скопје
www.nms.org.mk
info@nms.org.mk

**За издавачот**
Бојан Петровски, претседател

**Автори**
Мариана Ангелова
Кристијан Панев

**Истражувачи**
Зоран Иванов, Фондација за развој на локалната заедница - Штип
Менде Секуловски, Здружение за одржлив развој СФЕРА Интернешнал - Битола
Марија Костовска, Здружение за граѓански активизам ФОРУМ 16 - Битола
Александар Тодоровски, Младински културен центар - Битола
Метин Муареми, Центар за едукација и развој - ЦЕД

**Преведувач**
Далибор Сандев

**Дизајн и печатење**
Либра ТП

**Година на издавање**
2020

**Тираж**
300 копии

Проектот е финансиран од Фондацијата Отворено општество – Македонија. Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија

## Содржина


За проектот .................... 4
Вовед .................... 5
Листа на кратенки .................... 6
Методологија .................... 7
Правна рамка на студентското организирање .................... 9
Студентско организирање на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип .................... 13
Факултетски студентски собранија .................... 13
Студентски претставници во факултетските студентски собранија .................... 17
Студентско организирање на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола .................... 23
Факултетски студентски собранија .................... 23
Студентски претставници во факултетските студентски собранија .................... 28
Студентски правобранител .................... 33
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип .................... 35
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола .................... 36
Генерални препораки .................... 42

## За проектот

Анализата на студентското организирање на државните универзитети во Штип, Битола и Тетово е изработена во рамки на проектот „Студентско (ре)формирање“, финансиран од Фондацијата Отворено општество – Македонија.

Имајќи во предвид дека ова е прва година на воспоставување на сосема нов модел на студентско организирање, главната цел на проектот беше да се поттикнат студентските и младинските организациии на активно следење и застапување за транспарентни студентски избори. Ова резултираше со застапување за транспаренто студентско организирање и информирање на студентите за можностите и начинот за учество во студентските избори на универзитетите, но и следење на транспарентноста и практиките на универзитетите во целиот процес на студентското организирање и формирање на новите студентски собранија, преку точно утврдени критериуми за сите универзитети. Како резултат на овој мониторинг се креираа заклучоци и препораки за универзитетите, кои ќе послужат при организирање и спроведување на идните студентски избори.

Организациите кои се вклучени во овој проект се: Национален младински совет на Македонија, Фондација за развој на локалната заедница – Штип, Младински културен центар – Битола, Здружение за одржлив развој СФЕРА Интернешнал – Битола, Здружение за граѓански активизам ФОРУМ 16 – Битола и Центар за едукација и развој – ЦЕД.

## Вовед

Студентското организирање претставува начин и модел на којшто студентите учествуваат во управувањето и одлучувањето на универзитетите. Условите и степенот на којшто еден универзитет ќе овозможи учество на студентите во управувањето и донесувањето на одлуки е показател за демократкиот капацитет на универзитетот и вреднувањето на гласот на студентите.

Моделот на студентско организирање и особено студентските избори, отсекогаш биле актуелна тема во којашто се испреплетуваат интересите на различни интересовни групи и политики. Поданичка култура и нетранспарентно работење беа карактеристики со коишто се опишуваше претходниот модел на студентско организирање и претставување.

Со усвојување на Законот за високо образование во мај 2018[1], се направи значително поместување во нормативната рамка на студентското организирање и начинот на застапување и учество на студентите во управувањето на универзитетите. Законот постави темели на нов модел на студентско организирање, со којшто се гарантираат основни принципи и методи на избор на студентските претставници. Имено, некогашните студентски парламенти, регистрирани како здруженија на студенти го изгубија статусот на репрезентативно студентско тело во универзитетите, а се наложи формирање на нови студентски собранија, како рамноправни органи на универзитетите, кои ќе ги претставуваат и застапуваат интересите на студентите. За таа цел, сите универзитети мораа да ги прилагодат своите статути и внатрешни правни акти, во согласност со новите законски норми за студентско организирање.

Целта на оваа анализа е да ја анализира нормативната рамка на новиот модел на студентско организирање, начинот на избор, правата, обврските и одговорностите на студентските претставници и да ја истражи транспарентноста и првичните практики кои универзитетите ќе ги воспостават при формирање на новите студентски собранија на трите државни универзитети во Штип, Битола и Тетово. Како резултат на ова, анализата ќе понуди заклучоци и препораки за универзитетите и студентите.

1 Закон за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82 од 8 мај 2018), во понатамошниот текст: ЗВО

## Листа на кратенки

**УГД** – Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

**УКЛО** – Универзитет „Св.Климент Охридски“ - Битола

**ДУТ** – Државен универзитет Тетово

**УССУГД** – Универзитетско студентско собрание на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип

**УССУКЛО** - Универзитетско студентско собрание на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ - Битола

**ЗВО** – Закон за високо образование

**ФСС** – Факултетско студентско собрание

**УСС** – Универзитетско студентско собрание

**СП** – Студентски правобранител

## Методологија

Целта на оваа анализа е да се оди чекор понапред и подбалоко од само анализа на законската и подзаконската правна рамка на уредување на студентското организирање. Самата цел е детерминирана од две истражувачки димензии на проблематиката и тоа: теоретска и апликативна. Првата е во интерес на втората и треба да ја оствари главната цел на оваа анализа.

Анализата прави сублимат на неколку главни аспекти кои се важни за студентското организирање и тоа: законската рамка и подзаконските акти кои го уредуваат студентското организирање и практичната примена при воспоставување на новите студентски претставнички тела.

Предмет на следење беа трите државни универзитети:

- Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип
- Универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола и
- Државниот универзитет Тетово.

Врз основа на поставените цели, во оваа анализа се применети повеќе методи и техники на истражување. Користени се квалитативни и квантитативни методи. Во однос на податоци, користени се примарни и секундарни податоци.

Секундарните податоци се прибирани преку анализа на законски и подзаконски акти, следење на сите медиуми на универзитетите, вклучително и електронските медиуми и нивните профили на социјалните мрежи, како и алатката за слободен пристап до информации од јавен карактер за прибирање на релевантни податоци, записници и увид во документацијата.

Примарни податоци се прибирани преку директни разговори со студентите и вработените на универзитетите.
Добиените податоци беа структурирани и анализирани по претходно утврдена матрица, заедничка за сите

универзитети. Матрицата опфаќа неколку клучни индикатори и тоа:

- време и начин на распишување на студентски избори,
- рок за пријавување на кандидати,
- изборна комисија, видливост и транспарентност на повикот за избор на членови стдентските собранија,
- видливост и транспарентност на студентските избори,
- датум и време на избори и
- процес на гласање.

Дополнително, анализата опфаќа и податоци во однос на излезеноста на студентите и гласањето на студентските избори.

Врз основа на поголемиот број на податоци и информации од различни извори, а со цел донесување на сопствени релевантни заклучоци, користен е метод на анализа и синтеза. Методот на компаративна анализа исто така е користен за споредба на податоци и практики помеѓу универзитеите кои беа предмет на следење.
Од квантитативните методи, користен е методот на статистичка анализа и статистичко оценување во делот на прибирање и интерпретација на податоци од студентските избори.

Оваа анализа има две главни ограничувања. Прво, во периодот на следење и анализа, дел од факултетите на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ - Битола веќе имаа формирано студентски собранија и избрано студентски претставници, поради што анализата на овие факултети се заснова на секундарни податоци и увид во документација. Второ, анализата не содржи податоци за Државниот универзитет Тетово, од причина што универзитетот нема јавно достапни информации на својата веб страна и не одговори на доставените барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. Студентските канцеларии пак, во неколку наврати беа затворени и недостапни за истражувачите.

Содржината, наодите и препораките од оваа анализа се во интерес на зголемување на дискусијата за студентското организирање, но и подобрување на практиките и транспарентноста на целокупниот процес на студентски избори и учество на студентите во управувањето на универзитетите.
Правна рамка на студентското организирање

## Правна рамка на студентското организирање

Студентското организирање е регулирано во Законот за високото образование (*во понатамошниот текст: ЗВО*), статутите и други подзаконски акти на универзитетите. Во Законот за високото образование е поставена генерална рамка на моделот на студентско организирање и начинот на учество на студентите во управувањето на универзитетите.

Во продолжение неколку клучни работи кои ги уредува ЗВО во однос на воспоставување и функционирање на моделот на студентско организирање:

### 1) Услови за работа

Секоја високообразовна установа мора да им обезбеди простор за работа и да им пружи административно – техничка помош на студентските собранија кои оперираат во нејзини рамки.

### 2) Финансирање

Студентските собранија се финансираат од средства на високообразовните установи, односно од годишниот буџет на самата високообразовна установа, а можат да се финансираат и од: легати, подароци, завештанија, прилози и други извори.

Студентските собранија автономно располагаат со средствата на начин којшто самостојно ќе го утврдат во својот Статут, а високообразовните установи вршат единствено надзор над наменското трошење на средствата кои ги даваат на студентските собранија.

### 3) Организациска структура

### Универзитетско студентско собрание

Универзитетското студентско собрание е универзитетско тело составено од студенти кои ги претставуваат студентите на самиот универзитет и во академската заедница. Универзитетското студентско собрание ги застапува и ги штити интересите на студентите, учествува со свои претставници во донесувањето на одлуки во органите и телата на универзитетот.

**Надлежности:** Универзитетското студентско собрание во рамки на своите надлежности може да:

- избира студентски претставници во Сенатот и другите органи и тела на универзитетот,
- донесува план и програма за својата работа,
- предлага студентски правобранител,
- се грижи за квалитетот на животот на студентот и квалитетот на процесот на студирање, студентскиот стандард, остварувањето на студентските права и интереси и за студентската културна, социјална и интелектуална надоградба,
- им предлага на органите на управување план за финансирање на студентските активности,
- поттикнува студентски активности надвор од наставниот процес,
- донесува општи акти на студентското собрание согласно Законот и Статутот на универзитетот,
- врши други активности од интерес на студентите.

**Состав:** Универзитетското студентско собрание е составено од **по двајца студенти – претставници од секој факултет и/или високо стручна школа** кои се избираат од редовите на претставниците во факултетските студентски собранија. Универзитетското студентско собрание има **претседател** кој се избира од редот на членовите на самото собрание. Мандатот на сите членови, вклучително и претседателот трае **една (1) година, со право на уште еден реизбор**.

**Финансирање:** Се финансира со средства на универзитетот во чии рамки делува универзитетското студентско собрание.

**Организација на работата:** Подетална организација на работата и начинот на избор на внатрешни органи и претставници во универзитетските тела и органи ги уредува самото универзитетско студентско собрание во својот Статут. Статуот го носи самото собрание, по претходна согласност од Сенатот на универзитетот.

## Факултетско студентско собрание

Факултетското студентско собрание е тело на факултетот составено од студенти кои се запишани на конкретниот факултет.

**Состав и надлежности:** Факултетското студентско собрание е составено од студенти кои се запишани на студии на конкретниот факултет во учебната година во којашто се избираат студентските претставници. Бројот на членови во факултетското студентско собрание **не е законски определен**.
Факултетското студентско собрание ги застапува и штити правата и интересите на студентите. **Избира и разрешува студентски претставници во органите на факултетот** во согласност со законот и статутите на универзитетот и факултетот.

Секое факултетско студентско собрание има свој претседател. Претседателот ги застапува студентите и факултетското студентско собрание, одговорен е за работата на собранието и е должен да ги извршува одлуките кои ги носи факултетското студентско собрание.

**Студентски избори:** Претставниците на факултетското студентско собрание се избираат на **непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање**, за разлика од претставниците во универзитетското студентско собрание коишто се посредно избрани од страна на факултетските студентски собранија.

Претседателот на факултетското студентско собрание исто така се избира на непосредни и тајни избори.

Право да избираат и да бидат избрани имаат сите студенти коишто се запишани на тој факултет во учебната година во која се избира факултетското студентско собрание.

Мандатот на членовите на собранието изнесува **една година со право на само уште еден реизбор**.

Студентските избори се одржуваат секоја година во термин којшто се определува во статутот на универзитетското студентско собрание.
Студентските избори ги распишува деканот на секој факултет во **рок од 30 дена пред нивното одржување**, а доколку деканот на факултетот не ги распише изборите во предвидениот рок, тоа го прави ректорот на Универзитетот во рок од три (3) дена по истекот на законски предвидениот рок од 30 дена.
Во самата одлука за распишување на изборите задолжително мора да се именува и изборна комисија, задолжена за спроведување на студентските избори на тој факултет. Комисијата мора да е составена од студенти и наставници или соработници, при што **мнозинство во комисијата мораат да имаат студентите**.

Законот за високо образование остава простор студентските избори, целокупната постапка, бројот на членови на факултетското студентско собрание и начиниот на избор да се уредат со статутите на секој факултет, кои мора да бидат во согласност со универзитетските статути.

**Финансирање:** Факултетското студентско собрание се финансира од средствата на факултетот во којшто делува.
Организација на работата: Како и универзитетското, така и факултетското студентско собрание својата работа ја уредува со свој сопствен статут, за кој согласност мора да добие од наставно – научниот совет.

## Заклучоци:

- Законската рамка гарантира системски модел на студентско организирање во кое студентските собранија се тела на универзитетите и факултетите кои ги застапуваат и ги претставуваат студентите и нивните интереси и се составени од самите студенти.
- Студентски собранија се финансираат од средствата на факултетот, односно универзитетот, а постои можност и за финансирање од подароци, донации, прилози и други извори.
- Секое студентско собрание има претседател, како прв помеѓу еднаквите во собранието.
- Законската рамка гарантира редовни избори за студентски собранија секоја година. Мандатот на сите членови е само една (1) година, со право на само еден (1) реизбор. Ова гарантира дека еден студент не може да биде повеќе од две (2) години член на студентско собрание.
- Неизвесно е во кој период од учебната година се распишуваат студентските избори. Законската рамка гарантира само распишување на изборите 30 дена пред нивното одржување и механизам за ограничување на дискреционото право на деканите на факултетите, доколку не се одржат изборите во тој рок.
- Изборниот процес на студентските избори го води изборна комисија, која е составена и од студенти и од професори, односно соработници на факултетите.
- Законската рамка гарантира извесна флексибилност и можност за прилагодување на локалните специфики на секој факултет во однос на големината и бројот на членови во факултетските студентски собранија.
- Студентските собранија имаат слобода самостојно да ја организираат својата работа со свој статут за којшто мора да добијат согласност од наставно – научните совети, што претставува извесна кочници од злоупотреба, но и извесна опасност од нарушување на автономијата на студентските собранија.

## Студентско организирање на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип

На Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (*во понатамошниот текст: УГД*) делуваат вкупно 15 единици од кои 3 академии и 12 факултети.

Студентското организирање на УГД е поконкретно уредно со Статутот на Универзитетот во делот на учество на студентите во управувањето.

**Статутарна рамка:**

### 1) Факултетски студентски собранија

**Состав на ФСС:** УГД зазема унифициран пристап во однос на бројот на студентски претставници во факултетските студентски собранија. Имајќи ја во предвид законската рамка, со статутот на УГД се уредува дека секое факултетско студентско собрание на секоја единица на универзитетот го сочинуваат десет (10) членови, кои се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање.

*Студентски избори:*

**Распишување:** Изборите на секоја единица на УГД ги распишува деканот на таа единица, со одлука и тоа во рок од 30 дена пред нивното одржување.
Изборна комисија: Со одлуката за распишување на изборите, деканот на единицата именува и изборна комисија составена од пет (5) члена, од кои тројца студенти и двајца наставници, односно соработници на таа единица.

**Изборен ден:** Гласањето за избор на членови и претседател на факултетските

### Факултетски студентски собранија

**Број на членови:** 10

**Мандат:** Една (1) година со право на еден реизбор

**Избори:** тајни и непосредни

**Претседател:** се избира од редот на членови на ФСС

**Начин на распишување на избори:** Одлука на декан

**Рок на распишување:** најдоцна 30 дена пред одржување

**Изборна комисија:** 5 члена (3 студенти и 2 наставници/ соработници)

студентски собранија е тајно. Со изборниот процес раководи изборна комисија, којашто ги утврдува и резултатите. Изборната комисија е должна да изготви посебни гласачки ливчиња кои мора да бидат со иста големина и во иста боја. Кандидатите за избор на членови на факултетските студентски собранија се внесуваат по азбучен ред од нивното презиме, а пред презимето се става реден број.

**Тек на гласање:** Секоја изборна комисија има список на запишани студенти на конкретната единица. На студентите им се даваат гласачки ливчиња, а гласањето се врши со прозивка од страна на еден од членовите на комисијата. Пред да се премина на тајно гласање, еден од членовите на изборната комисија го објаснува процесот и начинот на гласање. При тајното гласање, студентот на гласачкото ливче го заокружува редниот број пред името и презимето на кандидатот за којшто гласа.

**Постапка на пребројување и резултати:** Изборната комисија најпрво го утврдува бројот на студенти кои гласале на студентските избори, така што најпрво се пребројуваат неупотребените гласачки ливчиња и се запечатуваат во посебно плико. Потоа, комисијата утврдува колку студенти гласале според списокот, ја отвара гласачката кутија и ги пребројува гласовите. Доколку бројките не се совпаѓаат, резултатите од гласањето се утврдуваат според бројот на ливчиња во гласачката кутија, а не според бројот на студентит означени дека гласале во избирачкиот список. Откако ќе се пребројат гласовите изборната комисија со записник ги утврдува резултатите. Записникот, заедно со списокот за гласање и употребените гласачки ливчиња се ставаат во плико коешто се запечатува. Одвоено, во ова плико се ставаат и неупотребените гласачки ливчиња.

### 2) Универзитетско студентско собрание:

Секое факултетско студентско собрание именува по двајца претставници во универзитетското студентско собрание.
Претседателот на универзитетското студентско собрание се избира со тајно гласање од редот на претставници именувани во Универзитетското студентско собрание, на конститутивна седница на која присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број на членови на собрание.
Мандатот на членовите и на претседателот изнесува една (1) година, со право на уште еден реизбор.

### 3) Студентско организирање во пракса

Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип зазеде воедначен координиран пристап на воспоставување на моделот на студентско организирање во сите факултети и академии кои делуваат во негови рамки.

**Време и начин на распишување на избори:** Изборите за студентски претставници во факултетските студентски собранија на секој факултет се распишани со координирани засебни одлуки на деканите во исти ден – 04.11.2019 година.

**Рок за пријавување:** Рокот за пријавување на кандидати за студентски претставници на факултетските студентски собранија во сите факултети беше осум (8) дена, односно до 12.11.2019.

**Изборна комисија:** Согласно Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, секој декан во одлуката за распишување на студентските избори именуваше изборна комисија составена од пет (5) члена, од кои три (3) студенти и двајца (2) наставници, односно соработници.

**Видливост и транспарентност на повикот за избор на членови во ФСС:** Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип искористи четири (4) видови на медиуми за информирање на студентите за можноста да се кандидираат за студентски претставници и тоа:

- две веб страни на УГД (www.ugd.edu.mk и www.life.ugd.edu.mk)
- огласни табли во седиштето и кампусите на сите факултети
- универзитетското радио – УГД ФМ и
- официјални фан страни на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на социјалната мрежа Фејсбук (Facebook)

https://www.facebook.com/ugdlife/
https://www.facebook.com/ugdstip/
https://www.facebook.com/UGDFM

Дополнително, осум (8) факултети го објавија јавниот повик за избор на кандидати за студентски собранија

и на официјалните фан страни на самиот факултет.[2]

**Видливост и транспарентност на студентските избори:** Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип ги искористи истите четири (4) видови на медиуми за информирање на студентите за нивното право на глас, денот и времето на одржување на студентските избори и тоа:

- две веб страни на УГД (www.ugd.edu.mk и www.life.ugd.edu.mk)
- огласни табли во седиштето и кампусите на сите факултети
- универзитетското радио – УГД ФМ и
- официјални фан страни на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на социјалната мрежа Фејсбук (Facebook)
  https://www.facebook.com/ugdlife/
  https://www.facebook.com/ugdstip/
  https://www.facebook.com/UGDFM

Дополнително, осум (8) факултети го објавија јавниот повик за избор на кандидати за студентски собранија и на официјалните фан страни на самиот факултет.[3]

**Датум и време на избори:** Студентските избори на сите факултети се одржаа во исти ден, во исто време од 10.00 до 15.00 часот, на 30-от ден по распишувањето на изборите, односно на 04.12.2019 година.

**Процес на гласање:** Изборната комисија на секој факултет имаше избирачки список. На секоја локација каде што беше организирано гласањето имаше обезбедено гласачка кутија и паравани за обезбедување на тајноста на гласањето. Сепак, дел од параваните беа импровизирани, не беа унифицирани и постоеше можност за нарушување на тајноста на гласањето. Гласачкото право се остварува со индекс на студентите. По завршување на изборите и пребројување на гласовите, секоја изборна комисија имаше изготвен записник за утврдување на резултатите од гласањето за избор на членови во факултетските студентски собранија.

2 Музичка академија, Факултет за природни и технички науки, Земјоделски факултет, Економски факултет, Правен факултет, Факултет за туризам и бизнис логистика, Факултет за образовни науки и Филолошки факултет
3 Музичка академија, Факултет за природни и технички науки, Земјоделски факултет, Економски факултет, Правен факултет, Електротехнички факултет, Факултет за образовни науки и Филолошки факултет

## Студентски претставници во факултетските студентски собранија



## Студентски избори на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип






Факултет за образовни науки




Земјоделски факултет




Факултет за медицински науки




Факултет за туризам и бизнис логистика




Технолошко-технички факултет




Факултет за природни и технички науки




**Клучни наоди:**

• Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип воспоставува воедначено и координирано студентско организирање на сите факултети и академии кои делуваат во негови рамки.

• Секое факултетско студентско собрание (треба да) е составено од 10 члена, без разлика на бројот на студенти кои се запишани на факултетот. За две факултетски студентски собранија (на Филмската академија и Факултетот за образовни науки) првично се пријавија помал број на кандидати за студентски претставници. На Филмската академија има запишано и вкупно седум (7) студенти во учебната година во којашто се одржаа студентските избори, што укажува на иницијален недостаток од воедначениот пристап за ист број на членови на секое факултетско студентско собрание.

• Претставниците на факултетските студентски собранија се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање.

• Претседателите на факултетските студентски собранија се избираат од редот на членови на факултетското студентско собрание.

• Студентските избори се распишуваат во исто време, со координирани одлуки на деканите на сите факултети во рамки на УГД.

• Во одлуките за распишување на студентските избори се именуваат изборните комисии. Сите изборни комисии се составени од пет (5) члена, од кои тројца (3) студенти и двајца (2) наставници или соработници.

• Рокот за пријавување на кандидати за студентски претставници во факултетските студентски собранија на сите факултети на УГД е исти и изнесува осум (8) дена.

• УГД во главно користи електронски медиуми и канали на информирање на студентите за изборниот процес и тоа: веб страни, социјални мрежи и универзитетското радио. Покрај тоа, за известување на студентите се користат и огласните табли на факултетите.

• Студентските избори на сите факултети на УГД се одржуваат во исти ден и во исто време.
Сите изборни комисии имаат избирачки списоци. Гласањето се прави со индекс. За резултатите од студентските избори, сите комисии составуваат записник.

• Во ситуација кога факултетското студентско собрание брои 10 члена, УГД нема воспоставено изборен модел во случај кога повеќе кандидати ќе добијат ист број на гласови. На три (3) факултети, повеќе кандидати имаат добиено ист број на гласови.

• Вкупната излезеност на студентските избори на ниво на универзитет изнесува 14,2%. Генерало, поголема излезеност има на факултетите на кои има запишано помал број на студенти. Во проценти, најголема излезеност има на Филмската академија и Факултетот за образовни науки, а најмала на Факултетот за природни и технички науки и Филолошкиот факултет. Универзитетското студентско собрание на УГД го сочинуваат вкупно 30 членови – по двајца (2) делегати од секое факултетско студентско собрание.

• Претседателот на универзитетското студентско собрание се избира од редот на членовите во самото собрание со гласање на делегатите.

**Препораки:**

• Да продолжи практиката на користење на сите расположливи универзитетски медиуми за транспарентно информирање на студентите за процесот на студентски избори.

• Да се прилагоди пристапот за број на членови на факултетските студентски собранија во зависност од спецификите и бројот на студенти на факултетите. Унифицираниот пристап од точно 10 студенти на секое факултетско студентско собрание е неодржлив за помалите факултети и/или академии. Посоодветен пристап би бил да се гарантира рамка од минимален и максимален број на членови во факултетските студентски собранија,

а самите факултети да го уредат точниот број на членови во соодветното ФСС.

• Да се продолжи практиката за распишување и одржување на студентските избори на сите единици на универзитетот во исти ден. Ова ја зголемува видливоста и информираноста на студентите за студентските избори.

• Да се практикува поголем временски рок за информирање и пријавување на студенти за членови на факултетските студентски собранија. Рокот од осум (8) дена се чини како недоволен за целосно информирање на студентите и доставување на потребната документација.

• Воспоставениот тек на гласање во Статутот на УГД со прозивка на студентите за време на гласањето од страна на изборната комисија остава простор за нарушување на тајноста на гласањето.

• Да се утврди модел и изборно решение како ќе се одлучува во случај кога повеќе кандидати добиле ист број на гласови, а притоа сите не можат да бидат членови на факултетските студентски собранија. Веќе на првите студентски избори се појавија вакви ситуации на три (3) факултети.

• Да се утврди начин и постапка за избор на претседатели на факултетските студентски собранија. Неизвесно е дали моменталниот начин на избор на претседател од избраните членови на факултетските студентски собранија претставуваат непосредни и тајни избори, пропишани со закон.

## Студентско организирање на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола

На Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола (во понатамошниот текст: УКЛО) делуваат вкупно 11 единици од кои 10 факултети и 1 висока стручна школа.

Студентското организирање на УКЛО е поконкретно уредно со Статутот на Универзитетот во делот на учество на студентите во управувањето.

**Статутарна рамка:**

### 1) Факултетско студентско собрание

**Состав на ФСС:** УКЛО во својот Статут детално не го уредува бројот на членови во факултетските студентски собранија. Во Статутот се предвидува дека органите, постапката за избор и разрешување и бројот на членови, факултетските студентски собранија ќе ги уредат самите во своите статути.

*Студентски избори:*

**Распишување:** Изборите на секоја единица на УКЛО ги распишува деканот на таа единица, со одлука во рок од 30 дена пред нивното одржување.
Изборна комисија: Со одлуката за распишување на изборите деканот на единицата именува и изборна комисија составена од пет (5) члена, од кои тројца студенти и двајца наставници, односно соработници на таа единица. Изборните комисии за спроведување на изборите се овластени да избираат избирачки одбори или поткомисии кои се составени од двајца (2) студенти и еден (1) наставник или соработник.

### Факултетски студентски собранија

**Број на членови:** Секое ФСС уредува самостојно

**Мандат:** Една (1) година со право на еден реизбор

**Избори:** тајни и непосредни

**Претседател:** се избира на тајни и непосредни избори

**Начин на распишување на избори:** Одлука на декан

**Рок на распишување:** најдоцна 30 дена пред одржување

**Изборна комисија:** 5 члена (3 студенти и 2 наставници/соработници)

**Процес и постапка на гласање:** Идентично со законските норми, Статутот на УКЛО предвидува само дека изборите за избор на членови и претседател на факултетските студентски собранија се одвиваат непосредно, фер и демократски со тајно гласање. УКЛО со својот Статут не ја уредува подетално постапката за избори, текот на гласање и пребројување на резултатите. Можноста за детално уредување на процесот и постапката на гласање предвидува да се уреди со статутите на самите факултетски студентски собранија.

## 2) Универзитетско студентско собрание

Универзитетското студентско собрание на УКЛО е составено од по двајца именувани претставници од секое факултетско студентско собрание и од студентското собрание на високата стручна школа.
УКЛО со **Статутот на Универзитетот** ја уредил внатрешната структура и начинот на избор на органите за универзитетското студентско собрание. Согласно одредбите од Статутот, УСС на УКЛО има претседател, извршен орган и надзорен орган, а по потреба и други помошни тела.
Претседателот на универзитетското студентско собрание се избира од редот на претставници именувани во универзитетското студентско собрание и истиот треба да има статус на редовен студент.
Извршниот орган е составен од пет (5) члена кои ги бира универзитетско студентско собрание и сите треба да имаат статус на редовни студенти.
Надзорниот одбор е составен од три (3) члена кои ги бира универзитетското студентско собрание и сите треба да имаат статус на редовни студенти.
Мандатот на сите членови на универзитетското студентско собрание, како и на претседателот и членовите на извршниот и надзорниот орган изнесува една (1) година, со право на уште еден реизбор.
Членовите на извршниот и надзорниот орган треба да бидат од разилични единици, односно факултети. За изборот на членови на овие органи се одлучува на седница на која мора да присуствуваат мнозинство членови на универзитетското студентско собрание, а одлуките се носат со мнозинство гласови од присутните членови.

## 3) Студентско организирање во пракса

Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола не практикува координиран пристап на воспоставување на моделот на студентско организирање во сите факултети и високата струшна школа кои делуваат во негови рамки.

**Време и начин на распишување на избори:** Изборите за студентски претставници во факултетските студентски собранија на секој факултет се распишани со одлука на деканот на факултетот, односно директорот на високата стручна школа.
Распишувањето на изборите не е координирано помеѓу факултетите.

**Рок за пријавување:** Рокот за пријавување на кандидати за студентски претставници на факултетските студентски собранија во сите факултети беше седум (7) дена.

**Изборна комисија:** Согласно Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, секој декан во одлуката за распишување на студентските избори именуваше изборна комисија составена од пет (5) члена, од кои три (3) студенти и двајца (2) наставници, односно соработници. Изборните комисии беа овластени да формираат избирачки одбори, односно поткомисии составени од три (3) члена и тоа двајца (2) студенти и еден (1) наставник, односно соработник на факултетот.

**Видливост и транспарентност на повикот за избор на членови во ФСС:** Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола искористи три (3) видови на медиуми за информирање на студентите за можноста да се кандидираат за студентски претставници и тоа:

• веб страни на секој факултет на УКЛО
• огласни табли во седиштето и кампусите на сите факултети
• официјални фан страни на факултетите и високата стручна школа во рамки на УКЛО на социјалната мрежа Фејсбук (Facebook)

**Видливост и транспарентност на студентските избори:** Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола ги искористи истите три (3) видови на медиуми за информирање на студентите за нивното право на глас, денот и времето на одржување на студентските избори и тоа:

•веб страни на секој факултет на УКЛО
• огласни табли во седиштето и кампусите на сите факултети
• официјални фан страни на факултетите и високата стручна школа во рамки на УКЛО на социјалната мрежа Фејсбук (Facebook)

Кај дел од факултетите на УКЛО, веб страните имаа задоцнето ажурирање на информациите поврзани со повикот за избор на студентски претставници и одржувањето на студентските избори.

**Датум и време на избори:** Студентските избори на факултетите и високата стручна школа се одржаа во различни денови, во зависност од одлуките за распишување на студентските избори. На два (2) факултети (Педагошкиот факултет и Факултетот за информатички и комуникациски технологии), студентските избори се одржаа во подолг рок од предвидениот законски рок од 30 дена од распишување на изборите.
Кај дел од факултетите постои временска разлика помеѓу донесената одлука на деканот за распишување на изборите и фактичкото објавување на огласот за кандидати за членови и претседател на факултетските студентски собранија.

Во табелата подетално се прикажани податоците поврзани со процесот на студентски избори на факултетите и високата стручна школа во рамки на УКЛО. Како мериторен датум од кој почнува да тече рокот од 30 дена за одржување на изборите го сметаме датумот на објавување на огласот.

| Назив на единицата | Датум на распишување на студентските избори | Рок за пријавување на кандидати | Датум на одржување на студентските избори | Дали изборите се одржани во рок од 30 дена? |
|---|---|---|---|---|
| Правен факултет – Кичево | 05.09.2019 | 7 дена | 27.09.2019 | ДА |
| Економски факултет – Прилеп | 30.04.2019[4] | 7 дена | 20.05.2019 | ДА |
| Факултет за биотехнички науки - Битола | 22.04.2019 | 7 дена | 17.05.2019 | ДА |
| Технички факултет - Битола | 02.05.2019 | 7 дена | 27.05.2019 | ДА |
| Педагошки факултет - Битола | 25.04.2019 | 7 дена | 27.05.2019 | НЕ |
| Факултет за туризам и угостителство - Охрид | 06.11.2019 | 7 дена | 06.12.2019 | ДА |

4 Огласот за пријавување на кандидати е распишан на 20.04.2019, но врз претходно донесена Одлука бр.02-373/1 од 19.04.2019

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Факултет за безбедност - Скопје | 03.09.2019 / 17.09.2019[5] | 7 дена | 16.10.2019 | ДА |
| Технолошко – технички факултет – Велес | 17.05.2019[6] | 7 дена | 31.05.2019 | ДА |
| Ветеринарен факултет - Битола | 06.11.2019 | 7 дена | 18.11.2019 | ДА |
| Факултет за информатички и комуникациски технологии - Битола | 25.04.2019 | 7 дена | 27.05.2019 | НЕ |
| Висока медицинска школа - Битола | 02.05.2019[7] | 7 дена | 30.05.2019 | ДА |

**Процес на гласање:** На факултетите кои беа предмет на директен мониторинг на изборниот ден, изборните комисии имаа избирачки список. На секоја локација каде што беше организирано гласањето имаше обезбедено гласачка кутија и паравани за обезбедување на тајноста на гласањето. На Факултетот за туризам и угостителство – Охрид беше забележан видео надзор во просторијата каде што се гласаше, што ја попречуваше тајноста на гласањето. Гласачките ливчиња беа обележани со печат на факултетот. Гласачкото право се остварува со индекс на студентите, а само во мал број на случаи е забележана отстапка во однос на барање на индекс пред давање на гласачкото ливче. Постапката за гласање му беше објаснета на секој студент. По завршување на изборите се преобројуваа гласовите и се запишуваа во соодветен записник.

5 На првиот повик се пријавува само еден (1) кандидат, па поради недоволно пријавени кандидати за членови на ФСС, јавниот повик е објавен повторно.
6 Огласот за пријавување на кандидати е распишан на 17.05.2019, но врз претходно донесена Одлука бр.02-219/2 од 30.04.2019
7 Огласот за пријавување на кандидати е распишан на 17.05.2019, но врз претходно донесена Одлука бр.02-219/2 од 30.04.2019

## Студентски претставници во факултетските студентски собранија

**Соодност на пријавени и избрани кандидати за членови на факултетските студентски собранија**



## Студентски избори на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип Клучни наоди

Вкупно гласале    Неупотребени




Технички факултет - Битола




Факултет за биотехнички науки - Битола




Економски факултет - Прилеп




Педагошки факултет - Битола




Факултет за туризам и угостителство - Охрид




Факултет за безбедност - Скопје




Правен факултет - Кичево




Технолошко-технички факултет - Прилеп




Висока медицинска школа - Битола




Ветеринарен факултет - Битола

**Клучни наоди**

• Универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола не практикува координиран пристап на студентските избори и конституирање на факултетските студентски собранија. Секој факултет и/или висока стручна школа кои делуваат во рамки на универзитетот имаат автономија самостојно да го воспоставaт моделот на студентско организирање и студентски избори во согласност со закон.

• Бројот на членови во факултетските студентски собранија не е исти за сите факултети. УКЛО не го уредува бројот на членови на факултетските студентски собранија, ниту постапката за избор на членови и претседател на факултетските студентски собранија. Ваквата можност е отстапена на автономно уредување од страна на самите факултетски студентски собранија.

• Претставниците на факултетските студентски собранија се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање.

• Претседателите на факултетските студентски собранија се избираат на непосредни фер и демократски избори во рамки на истите избори на кои се избираат и членови на факултетските студентски собранија.

• Студентските избори не се распишуваат во исто време. Деканот, односно директорот на секој факултет, односно висока стручна школа самостојно одлучува кога ќе бидат распишани и одржани изборите.

•Во одлуките за распишување на студентските избори се именуваат изборните комисии. Сите изборни комисии се составени од пет (5) члена, од кои тројца (3) студенти и двајца (2) наставници или соработници.

• Изборните комисии имаат надлежност да формираат избирачки одбори или поткомисии за спроведување на изборниот процес кои се составени од двајца (2) студенти и еден (1) наставник или соработник.

• Рокот за пријавување на кандидати за студентски претставници во факултетските студентски собранија на сите факултети на УКЛО е исти и изнесува седум (7) дена.

• УКЛО користи три главни медиуми и канали на информирање на студентите за изборниот процес и тоа: веб страни, социјални мрежи и огласните табли на факултетите.

• Нема унифициран датум на одржување на студентските избори на УКЛО. Студентските избори на факултетите и високата стручна школа се одржаа во различни денови, дури и во различен месец, во зависност од одлуката на секој факултет поединечно.

• Кај дел од факултетите во рамки на УКЛО постои временска разлика помеѓу денот на донесување на одлуката на деканот за распишување на студентските избори и денот на фактичко објавување на јавниот оглас за кандидати за членови и претседател на факултетското студентско собрание.

• На два (2) факултети (Педагошки факултет – Битола и Факултет за информатички и комуникациски

технологии – Битола), студентските избори се одржани подоцна од законски предвидениот рок од 30 дена од денот на распишување на студентските избори.

• На еден (1) факултет (Факултетот за безбедност – Скопје) два (2) пати е распишуван оглас за кандидати за членови и претседател на факултетското студентско собрание, поради недоволен број на заинтерсирани кандидати во првиот оглас.

• УКЛО нема воспоставен изборен модел во случај кога повеќе кандидати ќе добијат ист број на гласови, а има ограничен број на места во факултетското студентско собрание.

• Вкупната излезеност на студентските избори на ниво на универзитет изнесува 19,3%. Генерало, поголема излезеност има на факултетите на кои има запишано помал број на студенти. Во проценти, најголема излезеност има на Високата медицинска школа, Ветеринарниот факултет – Битола и Педагошкиот факултет - Битола, а најмала на Правниот факултет - Кичево и Факултетот за безбедност – Скопје.

• Универзитетското студентско собрание на УКЛО го сочинуваат вкупно 22 членови – по двајца (2) делегати од секое факултетско студентско собрание.

• Претседателот на универзитетското студентско собрание се избира од редот на членовите во самото собрание со гласање на делегатите и истиот има статус на редовен студент.

• УКЛО ја уредува внатрешната структура и постапката за избор на внатрешни органи на универзитетското студентско собрание со Статутот на универзитетот.

• Универзитетското студентско собрание на УКЛО има претседател, извршен орган, составен од пет (5) члена и надзорен орган, составен од три (3) члена.

**Препораки**

• Статутарно да се уреди рамка која ќе гарантира минимален и максимален број на членови во факултетските студентски собранија и постапка за студентски избори. Факултетските студентски собранија се тела на факултетите, исто како наставно – научните совети или Универзитетскиот Сенат, поради што нивното уредување стануваат статутарна материја. Неизвесно е како се конституираат првите факултетски студентски собранија без уредена постапка за избори и рамка за број на членови на собранијата, којашто според Статутот на УКЛО треба да се уреди самостојно од факултетските студентски собранија.

• УКЛО навлегува во автономијата на универзитетското студентско собрание со тоа што уредува внатрешна структура и постапка за избор на органи на универзитетското студентско собрание. УСС се избира на посреден начин од страна на факултетските студентски собранија, поради што начинот на избор и внатрешната структура

може и треба самостојно да ја уреди собранието во својот статут и внатрешни акти.

- Да продолжи практиката за користење на сите универзитетски медиуми за транспарентно информирање на студентите за целокупниот процес на студентските избори, со тоа што веб страните на факултетите ќе бидат понавремено ажурирани.
- Да се воспостави практика на одржување на студентските избори во исти ден или барем во исти месец и тоа во почетокот од учебната година. Ова би овозможило поголем студентски ангажман и поширок опсег на информации до студентите.
- Да се практикува поголем временски рок за информирање и пријавување на студенти за членови на факултетските студентски собранија. Рокот од седум (7) дена се чини како недоволен за целосно информирање на студентите и доставување на потребната документација.

## Студентски правобранител

**Организациска структура:** Секој универзитет мора да има студентски правобранител којшто делува на ниво на универзитетот и се грижи за заштита на правата на студентите кога се повредени од органите на универзитетот или членови на академската заедница на универзитетот и заменици студентски правобранители на секоја единица (факултет или висока стручна школа) во рамки на тој универзитет, коишто се грижат за заштита на правата на студентите кои се повредени од органи на конкретната единица или членови на академската заедница на таа единица.

### Студентски правобранител

Секој универзитет треба да има студенски правобранител, како орган којшто ќе ги штити правата на студентите во рамки на универзитетот.

**Критериуми за избор:** Студентскиот правобранител мора да биде редовен студент.
Постапка на избор: Студентскиот правобранител го предлага Универзитетското студентско собрание по претходен објавен конкурс, а го избира Сенатот на Универзитетот со мнозинство гласови.

**Мандат:** Студентскиот правобранител има мандат од две (2) години, без право на реизбор. Ова значи дека еден

студент само еднаш може да биде студентски правобранител и тоа во времетраење од само две години.

**Постапка за разрешување:** Постапка за разрешување на студентскиот правобранител може да покрене универзитетското студентско собрание, а конечната одлука за разрешување ја донесува Сенатот на Универзитетот, со мнозинство гласови, исто како и за неговиот избор.

**Начин на постапување:** Студентскиот правобранител постапува по барање на студент или по сопствена иницијатива. По сопствена иницијатива студентскиот правобранител може да постапи доколку самиот увидел дека е повредено правото на некој студент од страна на органите на универзитетот или од страна на друг член на академската заедница на универзитетот.
Органите на високообразовната установа се должни да постапат по укажувањата на студентскиот правобранител.

**Известување:** Студентскиот правобранител е должен да поднесе годишен извештај за својата работа до Сенатот на Универзитетот.

Дополнителни критериуми за избор на студентски правобранител, постапката за избор и негово разрешување и работата на студентскиот правобранител може да се утврдат со акти на универзитетот и универзитетското студентско собрание.

## Заменик студентски правобранител

Секој факултет треба да има заменик студентски правобранител, којшто ќе ги штити правата на студентите на тој факултет.

**Критериуми за избор:** Заменикот студентски правобранител мора да биде редовен студент.
Постапка за избор: Заменикот студентски правобранител се избира по пат на јавен оглас од факултетското студентско собрание.

**Постапка за разрешување:** Постапка за разрешување на заменик студентски правобранител може да покренат: членовите на факултетското студентско собрание, студентскиот правобранител или 1/10 од вкупниот број на

студенти кои се запишани во моментот на факултетот на којшто е избран заменикот – студентски правобранител. Одлуката за разрешување ја носи факултетското студентско собрание.

**Мандат:** Замениците студентски правобранители исто како студентскиот правобранител имаат мандат од две (2) години, без можност за реизбор. Тоа значи дека еден студент може само две години да биде избран за заменик студентски правобранител на факултетот.

**Начин на постапување:** Заменик студентскиот правобранител исто како студентскиот правобранител постапува по барање на студент или по сопствена иницијатива. Заменикот студентски правобранител постапува самостојно доколку самиот увидел дека е повредено правото на некој студент од страна на органите факултетот или од страна на друг член на академската заедница на тој факултет.
Органите на факултетите се должни да постапат по укажувањата на заменикот студентски правобранител.

**Известување:** Замениците – студентски правобранители се должни да поднесат годишни извештаи до факултетските студентски собранија и наставно – научните совети на единицата на којашто се избрани.

Дополнителни критериуми за избор на замениците студентски правобранители, постапката за нивниот избор и разрешување и нивната работата може да се утврдат со акти на факултетите и факултетските студентски собранија. Статутите на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и Универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола не ја уредуваат подетално работата, критериумите и начинот на избор и разрешување на студентските правобранители и нивните заменици. Ваквата можност е оставена на автономно уредување од страна на студентските собранија.

## Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

На Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип сеуште нема избрано ниту студентски правобранител, ниту заменици студентски правобранител во рамки на единиците на Универзитетот.
Распишување на јавните конкурси и постапките за избор на студентски правобранител и заменици студентски правобранители се одложени на неопределено време, до завршување на вонредната состојба прогласена заради спречување на внесување, ширење и справување со Коронавирус COVID-19.[8]

8 Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба бр.08-526/2 од 18.03.2020 (Службен весник на РСМ бр.68 од 18.03.2020)

## Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

Универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола избра студентски правобранител на УКЛО и заменици – студентски правобранители на сите факултети и високата медицинска школа на УКЛО, со мандат од две (2) години.

### Студентски правобранител

**Време и начин на распишување на конкурс за студентски правобранител:** Универзитетското студентско собрание на УКЛО објави повик за избор на студентски правобранител на 21.01.2020 година.
Рок за пријавување: Рокот за пријавување на кандидати за студентски правобранител на УКЛО беше 15 дена, односно до 04.02.2020.

**Конкурсна комисија:** Универзитетското студентско собрание има формирано Конкурсна комисија при УСС УКЛО задолжена за прием и разгледување на кандидатурите за студентски правобранител.

**Видливост и транспарентност на повикот за избор на студентски правобранител:** Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола и Универзитетското студентско собрание искористија три (3) видови на медиуми за информирање на студентите за можноста да се кандидираат за студентски правобранител и тоа:

- Веб страна на УКЛО и веб страни на секој факултет на УКЛО
- огласни табли во седиштето и кампусите на сите факултети
- Универзитетско студентско радио УКЛО ФМ

**Критериуми за избор:** За студентски правобранител на УКЛО, кандидатите треба да ги исполнуваат кумулативно следниве два критериуми:

- Да се редовни студенти на некој од факултетите или високата медицинска школа на УКЛО и
- Да имаат просечна оценка од студиите од најмалку осум (8)

**Датум и начин на избор:** Универзитетското студентско собрание на УКЛО по предлог на Конкурсната комисија, во рок од осум (8) дена по завршување на конкурсот, утврдува предлог за Студентски правобранител којшто го доставува до Сенатот на УКЛО. Универзитетскиот сенат го избира Студентскиот правобранител најдоцна 15 дена по поднесување на предлогот од страна на Универзитетското студентско собрание.
На конкурост за Студентски правобранител на УКЛО се пријавија вкупно двајца (2) кандидати. Сенатот на УКЛО на 178. Седница, одржана на 26.02.2020 донесе Одлука за избор на студентски правобранител.

Во табелата подетално се прикажани податоците поврзани со процесот на избор на студентски правобранител на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола.

| Универзитет | Датум на објава на конкурсот | Рок за пријавување | Критериуми | Документи за пријавување | Датум на избор | Број на пријавени кандидати |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола | 21.01.2020 | 15 дена До 04.02.2020 | 1) Редовни студенти на некој од факултетите или висока медицинска школа во рамки на УКЛО<br>2) Просечна оценка од најмалку 8 | 1) Пријава<br>2) Потврда за редовен студент<br>3) Потврда за просечна оцена од студии<br>4) Кратко CV биографија (во Europass формат)<br>5) Мотивациско писмо | 26.02.2020 | 2 |

## Заменици – студентски правобранители

На сите факултети и високата медицинска школа во рамки на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола се избраа заменици – студентски правобранители, со мандат од две (2) години.

**Време и начин на распишување на конкурс за студентски правобранител:** Факултетските студентски собранија распишаа конкурс за избор на заменик студентски правобранител со посебна одлука, на секој факултет поединечно. Рок за пријавување: Рокот за пријавување на кандидати за заменици студентски правобранители на сите факултети и високата медицинска школа на УКЛО беше воедначен, односно 15 дена на времетраење на конкурсот.

**Видливост и транспарентност на повикот за избор на студентски правобранител:** Факултетските студентски собранија и факултетите во кои тие оперираат искористија три (3) видови на медиуми за информирање на студентите за можноста да се кандидираат за заменици студентски правобранители и тоа:

- Веб страна на УКЛО и веб страни на секој факултет на УКЛО
- огласни табли во седиштето и кампусите на сите факултети
- Универзитетско студентско радио УКЛО ФМ

**Критериуми за избор:** За заменик студентски правобранител на секој факултет и високата медицинска школа на УКЛО, факултетските студентски собранија имаа унифицирани критериуми. Кандидатите треба да ги исполнуваат кумулативно следниве два критериуми:

- Да се редовни студенти на факултетот на којштo се избираат за заменик студентски правобранител и
- Да имаат просечна оценка од студиите од најмалку осум (8)

Во табелата подетално се прикажани податоците поврзани со процесот на избор на заменици студентски правобранители на секој факултет и високата медицинска школа во рамки Универзитетот „Св.Климент Охридски" – Битола.

| Факултет | Датум на објава на конкурсот | Рок за пријавување | Критериуми | Документи за пријавување |
|---|---|---|---|---|
| Правен факултет - Кичево | 24.02.2020 | 15 дена<br>До 09.03.2020 | 1) Редовни студенти<br>2) Просечна оценка од најмалку 8 | 1) Пријава<br>2) Потврда за редовен студент<br>3) Потврда за просечна оцена од студии<br>4) Кратко CV биографија (во Europass формат)<br>5) Мотивациско писмо |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Технолошко – технички факултет Велес | 30.01.2020 | 15 дена<br>До 13.02.2020 | 1) Редовни студенти<br>2) Просечна оценка од најмалку 8 | 1) Пријава<br>2) Потврда за редовен студент<br>3) Потврда за просечна оцена од студии<br>4) Кратко CV биографија (во Europass формат)<br>5) Мотивациско писмо |
| Висока медицинска школа - Битола | 24.12.2019 | 15 дена<br>До 08.01.2020 | 1) Редовни студенти<br>2) Просечна оценка од најмалку 8 | 1) Пријава<br>2) Потврда за редовен студент<br>3) Потврда за просечна оцена од студии<br>4) Кратко CV биографија (во Europass формат) |
| Факултет за информатички и комуникациски технологии – Битола | 22.01.2020 | 15 дена<br>До 05.02.2020 | 1) Редовни студенти<br>2) Просечна оценка од најмалку 8 | 1) Пријава<br>2) Потврда за редовен студент<br>3) Потврда за просечна оцена од студии<br>4) Кратко CV биографија (во Europass формат)<br>5) Мотивациско писмо |
| Економски факултет – Прилеп | 11.12.2019 | 15 дена<br>До 26.12.2019 | 1) Редовни студенти<br>2) Просечна оценка од најмалку 8 | 1) Пријава<br>2) Потврда за редовен студент<br>3) Потврда за просечна оцена од студии<br>4) Кратко CV биографија (во Europass формат) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ветеринарен факултет – Битола | 03.12.2019 | 15 дена<br>До 19.12.2019 | 1) Редовни студенти<br>2) Просечна оценка од најмалку 8 | 1) Пријава<br>2) Потврда за редовен студент<br>3) Потврда за просечна оцена од студии<br>4) Кратко CV биографија (во Europass формат)<br>5) Мотивациско писмо |
| Факултет за биотехнички науки – Битола | 26.11.2019 | 15 дена<br>До 11.12.2019 | 1) Редовни студенти<br>2) Просечна оценка од најмалку 8 | 1) Пријава<br>2) Потврда за редовен студент<br>3) Потврда за просечна оцена од студии<br>4) Кратко CV биографија (во Europass формат)<br>5) Мотивациско писмо |
| Факултет за безбедност - Скопје | 25.11.2019 | 15 дена<br>До 09.12.2019 | 1) Редовни студенти<br>2) Просечна оценка од најмалку 8 | 1) Пријава<br>2) Потврда за редовен студент<br>3) Потврда за просечна оцена од студии<br>4) Кратко CV биографија (во Europass формат)<br>5) Мотивациско писмо |
| Технички факултет – Битола | 19.11.2019 | 15 дена<br>До 04.12.2019 | 1) Редовни студенти<br>2) Просечна оценка од најмалку 8 | 1) Пријава<br>2) Потврда за редовен студент<br>3) Потврда за просечна оцена од студии<br>4) Кратко CV биографија (во Europass формат) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Факултет за туризам и угостителство - Охрид | 21.01.2020 | 15 дена<br>До 04.02.2020 | 1) Редовни студенти<br>2) Просечна оценка од најмалку 8 | 1) Пријава<br>2) Потврда за редовен студент<br>3) Потврда за просечна оцена од студии<br>4) Кратко CV биографија (во Europass формат)<br>5) Мотивациско писмо |
| Педагошки факултет – Битола | / | / | 1) Редовни студенти<br>2) Просечна оценка од најмалку 8 | 1) Пријава<br>2) Потврда за редовен студент<br>3) Потврда за просечна оцена од студии<br>4) Кратко CV биографија (во Europass формат)<br>5) Мотивациско писмо |

Заменици студентски правобранители се избрани на девет (9) од вкупно 11 единици на Универзитетот „Св.Климент Охридски" – Битола. На Економскиот факултет - Прилеп и Педагошкиот факултет – Битола сеуште не се избрани заменици студентски правобранители поради немање заинтерсирани студенти за оваа позиција.

## Генерални препораки

• **Секој универзитет да утврди точна временска рамка и изборен календар поврзани со студентските избори** во којшто однапред ќе се знае во кој период од учебната година се објавуваат конкурсите за избор на студентски претставници во студентските собранија и за студентски правобранител и негови заменици, каков е рокот за пријавување итн.

• Студентските избори да се распишуваат навремено **на почетокот од секоја учебна година**.

• Универзитетите и студентските собранија во своите внатрешни акти да осигурат **еднакви можности за учество на студентските избори на студенти со попреченост**. Универзитетите да овозможат и технички услови и пристап до локациите каде се одржуваат студентските избори за овие категории на студенти.

• Универзитетите и студентските собранија да осигураат **навремено спроведување на постапки за избор на студентски правобранители и негови заменици**. Можноста за ефикасна заштита на студентските права преку студентските правобранители и нивните заменици треба да бидат достапни за студентите во текот на целата учебна година.

• Универзитетите да практикуваат **поголеми рокови за информирање и пријавување на студентите** за членови на факултетските студентски собранија.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

324-057.875:378.4(497.7)(047.31)

АНГЕЛОВА, Мариана
Нов бран во студентското организирање : анализата на студентското (ре)формирање на државните универзитети во Штип, Битола и Тетово е / [автори Мариана Ангелова, Кристијан Панев]. - Скопје : Национален младински совет на Македонија, 2020. - 42 стр. : илустр. ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Публикацијата е во рамки на проектот: “Студентско (ре)формирање”

ISBN 978-608-65879-5-6

1. Панев, Кристијан [автор]
а) Студенти - Избори - Македонија - Истражувања

COBISS.MK-ID 51398405